# ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**Автор:** м-р Драган Мустачки
Јули, 2015 г.

## АПСТРАКТ

Во оваа стручна статија разработено е учењето за криминалистичкото планирање, кое пак е нераскинливо поврзано со учењето за криминалистичкото прогнозирање. Анализирани се главните криминалистички прашања кои претставуваат единствена целост и ја сочинуваат сржта на криминалистичкото работење во фазите на откривањето, гонењето и пресудувањето. Во продолжение се разработени верзиите при криминалистичкото планирање кои претставуваат веројатни, несигурни, претпоставени облици на знаења кои се темелат на дотогаш недоволно разјаснети криминалистички и кривично процесни информации или толкувања и објаснувања на познати факти, при што накратко се објаснети оперативните, истражните и судските верзии кои заокружуваат цел еден систем од претпоставени веројатни знаења за структурата и деловите на кривичниот настан. И на крајот, дадено е објаснување на профилирањето како современ метод за криминалистичкото планирање кое подразбира проценка на особините и манирите на типот на личноста на непознат сторител или лоцирање на центарот на криминалната активност според прибрани податоци во првиот оперативен зафат во врска со конкретно определено кривично дело за кое се води криминалистичка обработка, кое пак, се дели на психолошко профилирање и географско профилирање, при што накусо се осврнав врз двата метода.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**

Верзии, Оперативни верзии, Истражни верзии, Судски верзии, Профилирање, Психолошко профилирање, Географско профилирање.

## 1. ВОВЕД

При разгледувањето на поимот на криминалистичко планирање, треба да тргнеме од претпоставката дека секој облик на општествено дејствување и живеење на човекот во конкретно дадена општествена област и средина се темели врз однапред скицирани и програмирани мисловни и творечки активности, кои по време и простор ја одразуваат планската ангажираност на индивидуата во остварувањето на неговата духовна и материјална егзистенција. Секој творечки и практичен труд без разлика во која област од општественото живеење тој се остварува, за да може на најефикасен можен начин општествено да се валоризира, претпоставува претходно да мине низ фаза на планско проектирање. Само на тој начин ќе се избегне стихијноста и хаотичноста, кои не можат да донесат ништо повеќе од евентуални случајни резултати. Планирањето е таа неизбежна алка која овозможува преточување на интелектуалниот творечки и умствен труд во конкретни практични чекори. Тоа е спојување на теоријата со практиката. На планот се потпираат, се надоврзуваат и се надополнуваат предвидените мерки и активности, кои, пак, се детерминирани од видот, структурата и останатите значајни особини на целта на планирањето.

Имено, за да може да се дојде до ефективни практични резултати во борбата против криминалитетот, координираната дејност на сите општествени субјекти согледана преку преземање превентивни и репресивни мерки со цел да ги заштитат основните и други општествени вредности, се потпира врз планирањето како општ метод. Превентивно-репресивната акција за справување со криминалитетот, доколку претендира на сеопфатност и научна заснованост во пристапот, треба да се базира на програмско- планска втемеленост, со респектирање и на криминалистичко-криминолошкото предвидување. Со тоа како важен предуслов за поефикасно функционирање на криминалистичко- криминолошката профилакса на криминалните и другите општествено- штетни однесувања се јавува планирањето на предупредувањето на криминалитетот.

CC BY NC ND

## 2. ТЕОРИЈА НА ПЛАНИРАЊЕТО

Откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот се засновува врз планско преземање и користење на општите криминалистички правила, средства и методи, прилагодени на специфичните барања на секоја поединечна криминалистичка методика, која покрива поединечни групации на кривични дела сродни по сличните начини на извршување. Инаку, ваквите групации на кривични дела, чии криминалистички карактеристики ја детерминираат природата и суштината на секоја криминалистичка методика посебно, се разбира, не ретко, не се совпаѓаат со кривично- правните класификации на кривичните дела.

Од оној момент на дознавање за постоење на евентуално кривично дело или за евентуален потенцијален сторител, преку конечното разјаснување на кривичниот настан кој индицира на постоење на одредено кривично дело и негов конкретен појавен облик, па до утврдувањето на стореното кривично дело и на неговиот сторител, потрагата по фактичката состојба како во фазата на откривањето, така и фазите на гонењето и пресудувањето, мора да биде конципирана и водена на начин за да може да се постигне целта на преткривичната и кривичната постапка. Тоа ќе се постигне доколку уште од самиот почеток постапката се темели врз методично и систематско планирање.

Планирањето и програмирањето на оперативната, истражната и на судската дејност како општ метод за организационата основа на откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот воопшто и посебно на секој конкретно даден кривичен настан кој индицира на постоење на одредено кривично дело, потоа, расветлувањето на сите релевантни околности под кои е извршен појавниот облик на начинот на извршување на секое конкретно кривично дело, како и откривањето, потрагата, фаќањето и приведувањето кон кривина санкција на сторителот на кривичното дело, се сложени и динамични активности кои се плод на длабок творечки и мисловен процес што го проследува целиот тек на времетраењето на оперативниот и кривичниот предмет. Во изборот и

CC BY NC ND

примената на најоптимални и најсоодветни средства, методи и начини за решавање на загатката што се крие зад секој конкретно определен кривичен настан кој што се расветлува, криминалистичкото планирање како организациона, рационална, систематска и логична интелектуална дејност на криминалистот се наметнува како неизбежна и значајна криминалистичка активност која се протега и ги поврзува сите фази од преткривичната и кривичната постапка.

Учењето за криминалистичкото планирање нераскинливо е поврзано со учењето за криминалистичкото прогнозирање. Криминалистичката прогностика, всушност, е камен темелник за проекција на планирана борба против криминалитетот на репресивно- превентивен план, со оглед на тоа дека со предвидувањето на идните квантитативно- квалитативни промени на криминалитетот во конкретно одредено подрачје и во омеѓен временски простор, во голема мера се решава и прашањето за планирањето на обемот, интензитетот, изборот и усовршувањето на криминалистичките средства, начини и методи за ефикасна борба против најавените идни структурални измени на криминалната феноменологија на криминалитетот во точно одредена општествена средина. Ова значи дека криминалистичкото планирање за трасирање на патиштата за изнаоѓање најцелисходни решенија при репресивно- превентивното спречување на криминалитетот произлегува од криминалистичката прогноза, која претставува појавен облик на научно предвидување на идните тенденции на обемот, динамиката структурата и структуралните промени на појавните облици на начините на извршување на криминалитетот според простор и време и определување на најприкладни криминалистички решенија за спротивставување на најавените идни промени на криминалитетот. Продукт на криминалистичкото научно претпоставување, предвидување или прогнозирање е прогностичката информација, од чија содржина, пак, е детерминирано криминалистичкото планирање на оперативната, истражната и на судската дејност.

BY NC ND

*2. 1. Поим и значење на криминалистичкото планирање на преткривичната и кривичната постапка*

Автор на криминалистичкото учење за планирањето на преткривичната и кривичната постапка на поранешните југословенски простори е д-р Владимир Водинелиќ. Научно- теоретската заснованост и огромното практично знаење на неговиот модел со препораките и насоките за планско криминалистичко постапување во спроведувањето на оперативната , истражната и на судската дејност за откривање, докажување и разјаснување на кривичното дело и на одговорноста на неговиот сторител, отвора простор за натамошен развој на општата криминалистичка теорија за планирањето на преткривичната и кривичната постапка, а со тоа и за континуирано усовршување на посебното криминалистичко планирање во рамките на специјализираните криминалистички методики за расветлување одделни групации кривични дела со свои специфичности.

Планот е за секој одделен случај нацрт на главите прашања на криминалистиката и нацрт на оперативно- тактичките мерки, истражните дејствија, мерките за обезбедување присутност на обвинетиот и за успешно водење на кривичната постапка, подигнувањето и застапувањето на обвинението, одбраната и раководењето на главниот претрес- за да се разјаснат тие прашања.[1] Со оглед на специфичностите на секој кривичен настан, чии причинско- последични односи се резултат на бројни меѓусебно испреплетени и поврзани околности кои допрва треба целосно да се разјаснат заради утврдување на постоењето или непостоењето на одредено кривично дело, општите теоретски поставки на криминалистичкото планирање и воопшто на криминалистичката тактика и методика се прилагодуваат на барањата на секој конкретен случај, но сето тоа треба да биде во склад со главните криминалистички принципи.

Планот не треба да се сваќа како статичен и даден еднаш за секогаш. Секој новоприбран факт во постапката може битно да влијае во структурата на планот и да го измени правецот на дејствувањето на криминалистот во

[1] Водинелиќ, В., Криминалистика, 29-30.

смисла на изборот на идните криминалистичко- тактички зафати, а може да доведе и до создавање нови верзии, и до откривање и проверување на некои дотогаш непознати или недоволно разјаснети околности кои се од битно значење за водење на натамошните етапи од постапката.

Структуралната целост на криминалистичкото планирање на оперативната и на истражната дејност ја сочинуваат повеќе конститутивни елементи, кои се меѓузависни и меѓусебно поврзани, така што се преточуваат во единствен процес, кој, главно, се состои во:

**1.**откривање, докажување и разјаснување на релевантните околности според барањето одговор на главните криминалистички прашања;

**2.**формирање верзии за деветте златни прашања на криминалистиката;

**3.**прецизирање на оперативно- тактички мерки и истражни дејствија кои треба да се преземат заради утврдување на кривично- правно релевантните факти;

**4.**набележување на видот и содржината на криминалистичко-техничките средства и методи, како и набележување на планирано користење на други научно- технички средства;

**5.**определување на бројот на криминалистите кои ќе земат учество во спроведувањето на оперативно- тактичките мерки и истражни дејствија, што особено е карактеристично за оперативната дејност со оглед на нејзината природа и бројот на учесниците;

**6.**утврдување на редоследот, времето и местото на спроведувањето на оперативните тактичко- технички мерки и истражните дејствија, со точно зацртана динамика, и

**7.**претходно оценување на прибраните докази, а особено расудување за тоа кои околности се откриени и утврдени, а уште кои треба да се откријат, да се утврдат и разјаснат.

Заради поголема практичност и прегледност на зацртаните задачи кои треба да ги решат преткривичната и кривичната постапка препорачливо е елементите на планирањето да се набележат во вид на шема.

CC BY NC ND

Тргнувајќи од неопходните елементи на планирањето, Водинелиќ[2] предлага модел на општа шема на изготвување план за постапување во преткривичната и кривичната постапка. Се разбира, деталите на таа шема ќе се прилагодуваат според индивидуалноста на процесот на истражувањето на секое поединечно кривично дело, односно на цели групации слични криминални напади. Ова од причини што на различноста на криминалистичките особености на секое посебно кривично дело му соодветствува и различен приод во организацијата на криминалистичкото постапување. Меѓутоа, сепак, општата структура на елементите на планирањето на преткривичната и претходната постапка се вклопува во облик на шема:

**1.** во вертикални колони, на една страна, се набележуваат главните криминалистички прашања што треба да се одговорат;

**2.** вкрстено со нив во хоризонтални колони се зацртуваат:

- верзиите за деветте главни прашања во криминалистиката;
- одделните прашања за секоја верзија;
- оперативно- тактичките мерки и истражни дејствија потребни за проверка на сите верзии;
- редоследот, времето и местото на извршување на оперативно- тактичките мерки и истражни дејствија;
- резултатите од преземените оперативно- тактички мерки или истражни дејствија.

### *2. 2. Главни прашања на криминалистиката*

Откривањето, разјаснувањето и утврдувањето на криминалистичките и кривично- процесните релевантни околности се темелат врз барањето и давањето целосен одговор на следниве главни прашања на криминалистиката, кои токму поради нивното непроценливо значење во криминалистичката теорија и практика се нарекуваат и **„златни“**, а тие се:

---

[2] Водинелиќ, В., Криминалистика, 30-31.

CC BY NC ND

1. **Што** (се случило)?
2. **Кој** (е сторител на делото)?
3. **Кога** (е извршено делото)?
4. **Каде** (е извршено)?
5. **Како** (е извршено)?
6. **Со што** (е извршено)?
7. **Со кого** (е извршено)?
8. **Зошто** (е извршено)?
9. **Кого или што** (сторителот нападнал со кривичното дело)?

Анализата на сиве овие главни криминалистички начела покажува дека според нивната природа тие можат да се класифицираат во две групи. Дел од нив (*прашањата: што, кога, каде, како, со што и кого или што*) се однесуваат првенствено на објективната страна на кривичното дело, а некои (*прашањата: кој, со кого и зошто*) упатуваат на субјективната страна и ги разјаснуваат субјективните елементи на кривичното дело.

Првото прашање (**Што се случило**) е од извонредно значење за текот на постапката и за изборот на средствата и методите на криминалистичко- тактичкото постапување. Одговорот на ова прашање значи разјаснување на кривичниот настан во смисла на решавање на загатката за тоа дали се работи за кривични дело, за друго казниво дело, за несреќен случај или за друго неказниво човеково поведение.

Второто прашање (**Кој е сторител на делото**) се однесува на откривање на сторителот на кривичното дело и на утврдување на неговата конкретна кривична одговорност преку собирање и изведување на доказен материјал кој во доволна мера ќе говори за виноста на конкретно одредено физичко лице.

Третото прашање (**Кога е извршено делото**) е поврзано со утврдување на времето на сторување на криминалниот напад, кој временски треба да се лоцира.

Четвртото златно прашање на криминалистиката (**Каде е извршено делото**) значи дека треба да се утврди и просторно да се лоцира местото

BY NC ND

на извршување на кривичното дело во поширока криминалистичка смисла. Познато е дека во некои случаи местото на преземање на дејствието на кривичното дело не се совпаѓа со местото каде што настанала последицата од кривичното дело, меѓутоа, и тоа е облик и дел од местото на настанот, така што се смета дека сторителот бил присутен на местото на кривичниот настан- присуствување на местото на извршување на делото како индиција.

Со петтото прашање (**Како е извршено делото**) се трага по одговорот за расветлување на начинот на извршување на кривичното дело и неговиот конкретен појавен облик.

Одговорот на шестото главно прашање на криминалистиката (**Со што е извршено делото**) се движи во правец на откривање и утврдување на средството со кое е извршен криминалниот напад. Преку оперативно-тактички мерки и истражни дејствија се настојува да се пронајде средството за извршување на кривичното дело, а тоа, пак, е ориентир за потрага по сторителот, но, покрај ова, тоа може да упати на мотивот за извршување на кривичното дело.

Седмото прашање на криминалистиката (**Со кого е извршено делото**) ја разрешува дилемата дали кривичното дело е сторено од еден сторител или, пак, се работи за соучесништво, со заемно учество и на други индивидуално одредени лица кои можат да се јават како соизвршители, поттикнувачи или помагачи.

Осмото прашање (**Зошто е извршено делото**) упатува на разоткривање на побудите и причините за извршување на кривичното дело. Разјаснувањето на мотивот што го навел сторителот да го изврши кривичното дело е тежок проблем кој се исправува пред криминалистичката практика, особено во случаите кога станува збор за оперативен предмет со непознат сторител.

И на крај, деветтото главно криминалистичко прашање (**Кого или што сторителот нападнал со кривичното дело**) ја опфаќа виктимолошката димензија и се однесува на значењето и придонесот на оштетениот, односно на жртвата, за настанување на кривичното дело. Кога

BY NC ND

се зборува за жртвата, првенствено се мисли на поединец, односно на конкретно одредено физичко лице, но и на претпријатија, организации и други правни лица, односно на целата општествена задница , бидејќи сите тие, на директен или индиректен начин, се оштетени со оглед дека се нападнати или загрозени со економски криминалитет или со други казнени дела.

*2. 3. Поим и значење на верзии*

Во продолжение на оваа стручна статија, ќе говориме за значењето на формирањето верзии при криминалистичкото планирање како процес кој се протега во преткривичната и кривичната постапка.

Општо земено, под поимот верзија се подразбира едно од повеќето можни толкувања на еден случај, настан или појава во реалниот свет. Од криминалистички аспект посматрано, пак, таквиот плуралитет од варијанти на можни објаснувања или претпоставки ќе биде насочен кон толкување на секој кривичен настан кој според фактичката ситуација упатува на евентуално постоење на кривично дело. Преку планирањето и проверувањето верзии, како своевиден посебен метод или тактичко средство за утврдување на вистината во оперативната дејност и во кривичната постапка, се очекува да се откријат и да се разјаснат сите значајни карактеристики на кривичниот настан. Доколку, тие карактеристики индицираат на кривично дело и на негов сторител, откривањето и докажувањето на кривичното дело и на појавниот облик на начинот на неговото извршување минуваат низ процесот на планирање на сите реално можни општи, посебни и верзии според битието на кривичното дело, кои преку оценка и проверување, по пат на нивно постапно исклучување, односно елиминирање, водат кон откривање и расчистување на причинителите и останатите значајни околности и факти кои придонеле за подготвување, вршење и прикривање на одреден криминален напад. „Идеално барање е, од сите поставени и проверени верзии, барем некоја да одговара на стварноста на кривичниот настан. Со елиминирањето на сите,

освен на една верзија, би морало да се стекне голема веројатност дека таа една, преостаната верзија, одговара на стварноста на кривичниот настан.“[3]

Верзиите претставуваат веројатни, несигурни, претпоставени облици на знаења кои се темелат на дотогаш недоволно разјаснети криминалистички и кривично- процесни информации или толкувања и објаснувања на познати факти. Нивното проучување во криминалистичката литература на Запад е сосем запоставено, додека во источната криминалистичка теорија повеќемина автори се задржуваат на ова прашање, нагласувајќи ја улогата на верзиите за развојот на хеуристичката криминалистика. Сите тие[4], со сличен или различен пристап, ја одредуваат суштината на поимот на верзија во криминалистичката наука како: хипотеза, облик на посебна хипотеза, претпоставка на криминалистот, работна хипотеза, образложено заклучување или претпоставување и слично, истакнувајќи ја притоа нејзината логична и психолошка компонента.

Накратко ќе се осврнеме врз оперативните, истражните и врз судските верзии, кои заокружуваат цел еден систем од претпоставени веројатни знаења за структурата и деловите на кривичниот настан.

*2. 3. 1. Оперативни верзии*

Криминалистичкото искуство покажува дека често оперативните работници на полицијата при истражувањето на кривичниот настан создаваат само една единствена верзија и нејзе упорно „ја туркаат“, запоставувајќи го со тоа научниот придонес на криминалистиката кој се состои во потребата од поставување цела низа од верзии. Не треба посебно да се нагласува негативниот одраз на ваквиот еднодимензионален и површен пристап врз откривачката функција така што неговото искоренување од криминалистичката практика се налага како императив. Тој води кон предубедување, а предубедувањето раѓа заблуди кои можат да им нанесат тешки последици на преткривичната и кривичната постапка.

[3] Водинелиќ, В., Криминалистика, 182.
[4] Р. С. Белкин, А. А. Старченко, А. Ј. Винберг, Р. К. Рахунов, А. Н. Василев, Т. Н. Александров и др.

Покрај ова тактички е препорачливо да се поставаат сите реално можни веројатни верзии на кои упатува прибраниот оперативен материјал, без да се пропушти при тоа некоја верзија. Во спротивно може дури и да се „упропасти предметот“, како во оперативната фаза, така и во истрагата.

Значењето на оперативните верзии доаѓа до израз, покрај другото, и поради тоа што тие претставуваат прва алка од синџирот на цел систем од верзии. На оперативните верзии се надоврзуваат истражните и судските верзии, така што првичните реално засновани верзии од криминалистичко-тактичко и методично комбинирање во оперативната дејност, втемелени врз факти кои немаат кривично процесно, туку оперативно значење, всушност се основата за идните верзии во кривичната постапка, кои, пак, се градат врз процесно релевантни факти и околности.

*2. 3. 2. Истражни верзии*

Криминалистот во планирањето истражни верзии како веројатни претпоставени знаења за кривичниот настан и за евентуалниот сторител на криминалниот напад на кој индицира тој истражуван кривичен настан, толкува кривично- процесни релевантни факти, односно група од нив, за што формира посебни верзии за нивната структурална целост се со цел за разјаснување и докажување на кривичниот предмет и утврдување на објективната вистина. Тоа значи дека при истражувањето на кривичниот настан релевантните факти и околности, како појдовен информационен материјал за поставување на сите реално можни верзии, допуштаат различни објаснувања на основаното сомнение за постоење на навестуваното конкретно кривично дело и за неговиот сторител.

Во потрага по објективната вистина во фазата на истрагата истражните верзии имаат одлучувачки елиминаторен и насочувачки карактер во смисла на откривање, утврдување и проверување на оние суштествени факти и околности кои во доволна мера и потполно го расветлуваат кривичниот предмет.

BY NC ND

Криминалистот е должен да ги поставува сите верзии за кои има фактичка основа и сите да ги провери. Оценувањето и проверувањето на системот од типични истражни верзии, односно проверувањето на секоја верзија одделно, е поврзано со изборот и оценувањето на значајните факти до кои криминалистот дошол при преземањето процесни дејствија во претходната постапка. Проверувањето кое се врши со истражни дејствија на поставените бројни истражни верзии, кои произлегуваат од процесниот фактички материјал, резултира со откривање и утврдување кривично-правни релевантни факти кои го објаснуваат кривичниот настан.

### *2. 3. 3. Судски верзии*

Бидејќи на крајот од кривичната постапка откриените и собрани доказни факти се веќе оценети и утврдени, така што „нема потреба од поставување верзии во поглед на бројни факти кои се јавуваат кај судијата“,[5] професионалните судии создаваат верзии „за вистинитоста на верзијата која ја содржи обвинението, а се заснова на доказите кои се изведени на главниот претрес“,[6] при што тие „мора да се однесуваат на целиот предмет на докажување.“[7] Преку слободното и совесно оценување на секој доказ, како и на „неговата поврзаност и зависност од другите докази“,[8] со донесената мериторна пресуда, судот го достигнал највисокиот степен на сигурност за кривичниот настан и преку изведениот заклучок за докажаноста на фактите ја утврдил објективната вистина. „Извесноста е уверување на судскиот совет дека постигнатиот систем од докази е од таков квантитет и квалитет што ја исклучува можноста од поинакво толкување на фактичката состојба.“[9]

---

[5] Водинелиќ, В., Криминалистика, 43.
[6] Исто.
[7] Исто.
[8] Марина, П., Криминалистика, 444.
[9] Водимелиќ, В., Криминалистика- откривање и докажување, 97.

CC BY NC ND

*2. 4. Избор и редослед на дејствијата како елементи на криминалистичкото планирање*

Како што веќе погоре во трудот рековме, при дефинирањето на текот на преткривичната и кривичната постапка, еден од значајните елементи на криминалистичкото учење за планирањето на оперативната, истражната и на судската дејност, претставува проектирањето на вонпроцесни и процесни дејствија.

Во рамките на репресивно- превентивното дејствување, криминалистот при планирањето како еден од заедничките тактички елементи, односно како начин за разработување на конкретни методи за криминалистичко и кривично- процесно постапување, зависно од конкретно дадената криминалистичко- тактичка ситуација што ја наметнува оперативниот или кривичен предмет планира преземање на бројни активности, кои се сведуваат на:

**1.** *Одредување на потребните оперативно- тактички мерки и дејствија-* користење вигилант или друг информант, проверка во криминалистичките евиденции, претходно известување заради проверување, вршење информативен разговор, остварување увид во деловна документација, поставување стапици, воспоставување тајна опсервација, распишување потерница или друг вид на потрага, поставување заседа или пак рација, употреба на службено куче, патролирање, обезбедување на местото на настанот, лишување од слобода, проверување алиби и др.

**2.** *Спроведување на истражни или судски дејствија-* увид, сослушување, вештачење, одземање предмети, претрес, предочување заради препознавање, соочување, реконструкција на кривичниот настан, истражен и судски експеримент, испитување на обвинетиот итн. При планирањето на сложени и други оперативни и кривични предмети, и тоа не само во случаите кога се работи за капитални или сериски кривични дела или групно дејствување на деликвенти, туку и во секоја друга тактичка ситуација која налага потреба при утврдувањето на значајни околности на

BY NC ND

конкретен кривичен настан да се настапи и со испреплетување на вонпроцесни и процесни дејствија, планот треба да биде прецизиран и со тоа со какви облици на криминалистичко- тактичко и процесно комбинирање ќе се настапи во потрага по откривањето и разјаснувањето на кривичниот настан.

**3.** *Лоцирање на оперативните и процесни дејствија според местото на нивното вршење.* При ова не треба да се изгуби од предвид криминалистичкото правило дека не само вообичаените дејствија од првиот зафат, кои неизбежно се спроведуваат на местото на сторувањето и настанувањето на последиците од кривичниот настан, туку и други подоцнежни облици на оперативно- тактички и кривично- процесни зафати, според начелото на брзина и изненадување, се преземаат на местото на настанот. Оперативноста на оперативниот работник и на криминалистот, всушност, треба да се огледа и во тоа. Впрочем, ним треба да им биде туѓо бирократското и канцелариското работење според излитени шаблони кои само ја попречуваат ефикасноста на постапката и ја одолговлекуваат потрагата по дознавањето и утврдувањето на објективната вистина. Само заради наједноставната илустрација наведуваме дека, по правило, надвор од работните простории, покрај другото, ќе се изврши информативен разговор, препознавање, реконструкција на кривичниот настан, оперативен експеримент итн. а дали навистина така се постапува е дискутабилно прашање.

**4.** *Одредување на времето, обемот и редоследот на оперативните, истражните и на судските дејствија што треба да се преземаат.* Прераното или задоцнетото реагирање на криминалистот или, пак, погрешниот или несоодветен редослед на дејствијата, може да му нанесе штетни последици на успешното водење на оперативниот предмет. Умешноста, инвентивноста, искуството и познавањето на современите текови на криминалистичката наука, на криминалистот ќе му помогнат при планирањето на обемот, интензитетот, дефинирањето на редоследот и

времето за отпочнување и натамошно траење на секое дејствие да не направи погрешни чекори.

**5.** Одредување на број на криминалисти за спроведување на планираните задачи, со прецизирање на одговорниот работник што ќе го води оперативниот, односно кривичниот предмет.

**6.** *Одредување на потребниот технички потенцијал-* што е особено карактеристично за водењето на оперативната фаза од постапката, кога најчесто доаѓа до израз користењето на соодветни криминалистичко- технички средства, кои, комбинирани со оперативно-тактичките мерки, играат значајна улога во спроведувањето на криминалистичката контрола и обработка како основни облици на оперативна дејност за спречување и откривање на криминалитетот.

**7.** *Бележење на исходот од систематско преземените и веќе извршени работни задачи на ангажираните криминалисти во секој конкретен оперативен или кривичен предмет.* По извршувањето на кое било од вонпроцесните или процесните дејствија, за што се оформуваат и потпишуваат соодветни писмени документи со оперативно, односно кривично- процесни значење, нивните резултати се вградуваат во компонираниот оперативен или судски план и се толкуваат заедно со останатите елементи на криминалистичко- процесното планирање.

Да се потсетиме, покрај набележувањето на видот, опсегот, редоследот и резултатите од оперативно- тактичките и истражните дејствија, во составот на планот на преткривичната и кривичната постапка, како еден од значајните конститутивни елементи се јавува проектирањето на главните прашања на криминалистиката и потрагата по нивниот одговор со поставување оперативни, истражни и судски верзии.

Конструирањето на структурата на ориентационен криминалистички и кривично процесен план, со оглед на неможноста од создавање еден општо прифатлив прототип, ќе биде детерминирано од специфичностите на кривичните настани што се истражуваат. Иако има одредени разлики во откривањето, докажувањето и разјаснувањето и на истовидни кривични

BY NC ND

дела, поконцизен одговор на прашањето за структуралната целост дава секоја посебна криминалистичка методика.

*2. 5. Мрежно планирање*

Во криминалистичката теорија, како резултат на напорите со егзактни методи да се изнајдат нови, современи патишта за проектирање на преткривичната и кривичната постапка, застапено е и сфаќањето за заживување и примена на т.н. мрежно планирање. При ова се нагласува неговата предност пред класичното планирање, која се состои во релативно точното одредување на бројот на криминалисти и екипи потребен за расветлувања на еден оперативен или кривичен предмет и на одредувања најрационално време на траење на планот, односно на зацртаните активности во него.

Мрежното планирање се состои од три фази, и тоа:

1. *Анализа на структурата*. Се состои од дефинирање на листа од логично зависни активности, како и од цртање и нумерирање на мрежниот дијаграм, кој се проверува;
2. *Анализа на времето*. Се состои од одредување на времетраење на активностите од почетокот до нивното завршување, временска резерва и критичен пат, и
3. *Одредување сили и средства за спроведување на активностите и оценка за потребното време за реализација на проектот*.

Мрежното планирање сеуште нема приврзаници меѓу криминалистите практичари, така што не можат да се согледаат неговите предности, што не значи дека не треба да се испитаат неговите можности. Органите за внатрешни работи би можеле мрежното планирање да го применуваат за голем број работни задачи. Во прв ред предвид би дошле работи и задачи при кои треба да се усклади извршувањето на поголем број различни и меѓусебно зависни активности, какви што се различни видови обезбедувања, криминалистичка обработка, блокада, изведување разни акции и слично.

BY NC ND

*2. 6. Профилирањето како современ метод за криминалистичко планирање*

Криминалистичката теорија и практика на залезот од XX век и во мугрите на XXI век на површина исфрли нови методи што му даваат нов импулс на кибернетизираното спротивставување на современиот криминалитет. Така, за криминалистичкото планирање на преткривичната и кривичната постапка од исклучително значење претставува методот на профилирање, кој произлезе од пазувите на криминалистичката и полициската теорија и практика од англиското и германското јазично подрачје.

Основна претпоставка за примена на профилирањето како помошен метод за криминалистичко планирање и за водење на стратешки ориентирана борба против криминалитетот претставува целосната автоматизација на криминалистичките евиденции како електронски банки на податоци за деликвенти и за кривични дела, односно воведување и примена на современа компјутерска технологија во работењето на полицијата и на другите безбедносни органи.

Под поимот профилирање се подразбира проценка на особините и манирите на типот на личноста на непознат сторител или лоцирање на центарот на криминалната активност според прибрани податоци во првиот оперативен зафат во врска со конкретно определено кривично дело за кое се води криминалистичка обработка.

Во криминалистичката теорија и практика на некои високо развиени земји (САД, Канада, Англија, Германија и др.) се диференцирале два основни вида профилирање:

1. Психолошко профилирање, и
2. Географско профилирање.

Накусо ќе ги објасниме двата методи.

CC BY NC ND

*2. 6. 1 Психолошко профилирање*

Овој вид профилирање се однесува на формирање проценка за психолошките карактеристики на типови на личноста на непознат сторител врз основа на анализа на уште неразјаснето кривично дело што се истражува. Врз основа на креираната психолошка структура и стилот на однесување на непознатиот сторител се трага по повеќе лица што поседуваат такви психолошки особини, со оглед дека оправдано се претпоставува оти во така формираниот круг се наоѓа вистинскиот сторител на кривичното дело.

Ваквиот метод се состои од пронаоѓање и согледување на специфичностите во однесувањето врзани за личноста на непознатиот сторител кои се доволно сигнификантни за да може лицето што го извршило кривичното дело јасно да се разликува од други луѓе.

Профилирањето претставува облик на маркирање тип на можен деликвент со особини какви што поседувал и со манири какви што манифестирал непознатиот сторител за време на извршувањето на кривичното дело што се истражува.

Во криминалистичката практика се разликуваат два вида профилирање на личноста на сторител на кривично дело:

1. *Практично* – дедуктивно ориентирана постапка на профилирање (или дедуктивно профилирање);
2. *Научно* – индуктивно утврдување на профилот на сторителот (или индуктивно профилирање).

При *дедуктивното профилирање* станува збор за мултидисциплинарно анализирање на податоци за фактичката состојба во врска со конкретно извршено и неразјаснето кривично дело, со цел да се создаде претстава за личноста на непознатиот сторител или да се маркираат особините на типот на личноста по која што треба да се трага.

Постапката за *индуктивно профилирање* и поинаква. Овде станува збор за анализа на податоци за извршени и расветлени повеќе кривични дела од ист вид. При ова се утврдуваат, се анализираат, статистички се

BY NC ND

вкрстуваат и се прикажуваат електронски регистрирани психолошки обележја на откриени сторители на определена групација кривични дела со исти или слични криминалистички карактеристики. Преку ваквата електронска статистичка обработка на компјутерски записи за маса податоци во врска со извршени кривични дела од ист вид се уредуваат психолошки особини типични за сторителот на определен вид кривични дела преку составување средна статистичка вредност.

Препорачливо е овие два вида криминалистичко профилирање да се комбинираат, со оглед дека индуктивното профилирање се потпира врз анализа и маркирање на неспецифични карактеристики произлезени само од пресметување на нивната средна статистичка вредност.

Во продолжение на трудот ќе наведам хипотетички случај на постапка за криминалистичко профилирање нужно за разјаснување *убиство* извршено од непознат сторител:

**1. проценка на личноста на жртвата**. За оваа цел се прибираат и се проучуваат податоци за личните и психолошките карактеристики на жртвата, како што се пол, возраст, образование, социјален статус, карактер, темперамент итн. Во рамките на ова од големо значење се сознанијата за: контактибилноста, социјализацијата и интегрирањето на жртвата во општествената средина, степенот на виктимност и др. Колку што претставата за личноста на жртвата е полесна, толку се поголеми шансите да се изготви поверодостоен профил на личноста на непознатиот убиец. Во сево ова секогаш треба да се има на ум фактот дека проучувањето и толкувањето на интерперсоналните односи меѓу жртвата и сторителот во значителна мера го определуваат правецот на постапката за профилирање;

**2. проценка на местото на кривичниот настан.** Врз основа на расположливиот материјал произлезен од вршењето увид, систематски се анализира и се проучува *locus operandi*. При ова се земаат предвид: сите детали фиксирани на секоја фотографија посебно, положбата на трупот и други околности што овозможуваат мисловно да се моделира текот на одвивањето на крвавата драма;

CC BY NC ND

**3. проценка на обдукцискиот протокол.** Неформалниот обдукциски наод или извршената судско- медицинска експертиза овозможуваат, преку дополнително проучување и на фотодокументацијата, да се заклучи за начинот и за другите карактеристики на насилно усмртување. Обдукциските информации овозможуваат да се спознае психичката состојба на сторителот за време на извршувањето на убиството, како и да се определи евентуалната врска со жртвата.

Анализата на личноста на: жртвата, местото на кривичниот настан, и на утврдените рани, на криминалистот му овозможуваат мисловно да ги реконструира начинот на евентуалното подготвување, криминалниот чин и прикривањето на убиството. Утврдениот начин на постапување на убиецот претставува значајно зрнце во составувањето на мозаикот за успешно спроведување на постапката за профилирање на личноста на непознатиот сторител. Криењето на трупот на жртвата, отстранувањето вистински и предизвикувањето лажни траги или, пак не правењето обид да се видоизмени местото на кривичниот настан, за криминалистот претставуваат параметри што ги вреднува и ги вклучува во филтрирањето на профилот на убиецот;

**4. изработка на профил на убиец- профилирање.** Врз основа на стекнатите сознанија од анализата на жртвата, местото на кривичниот настан и на мисловната реконструкција за текот на одвивањето на криминалната драма, се изработува профил на сторителот според неговите специфични особини,

**5. преземање конкретни мерки и дејствија.** Изградениот профил на непознатиот сторител на криминалистите им претставува подлога за преземање конкретни оперативно- тактички и други мерки и дејствија за стеснување на обрачот околу веќе осомничени лица или, пак, за осомничување на дотогаш неопфатени лица што ги „красат“ особини произлезени од изработениот профил на сторителот.

CC BY NC ND

*2. 6. 2. Географско профилирање*

Под поимот географско профилирање се подразбира современо електронско картографирање и анализирање на *locus operandi* на повеќе извршени кривични дела, со цел за предвидување на можното живеалиште или престојувалиште на непознатиот сторител и за стекнување сознанија за неговиот *radius operandi*. Преку определување на претпоставениот полупречник на извршување, односно на подвижноста и просторните дострели на деликвентите во нивната криминална активност, значително се редуцира географскиот простор во кој треба да се бара евентуалниот сторител преку активирање соодветни оперативно- тактички и други мерки и дејствија.

Методот се заснова на графичко прикажување и поврзување на локациите на извршување на кривични дела, по што се врши анализа и се прави обид за утврдување на центарот на криминалната активност и се планираат верзии за веројатното место на живеење на непознатиот сторител. Се применува математичко моделирање и пресметување на можните локации на задржување, движење или живеење на непознатиот сторител со цел за негово лоцирање, откривање и апсење. Се тргнува од претпоставката дека сторителот случајно не го избира местото на извршување на кривичното дело, туку дека тоа е условено од приликите, мотивацијата, подвижноста и можноста да забележи конкретни објекти на напад и потенцијални жртви.[10] *Цели на географското профилирање се:* вршење анализи и откривање правилности и закономерности во изборот на објектот на напад, формирање верзии за територијата во чии рамки треба да се бара потенцијалниот сторител со преземање одделни оперативни дејствија, како што се тајно набљудување, заседа, информативно распрашување, надгледување определени патни правци итн.

Географското профилирање е помошен метод за криминалистичко планирање што допрва ќе се развива. Неговите дострели се ограничени, меѓутоа, во практиката се покажал како успешен при откривањето и

[10] Симоновиќ, Б., 57.

BY NC ND

разјаснувањето сериски кривични дела. Преку картографско прикажување на подвижноста на сторителот и на дескриптивно анализирање на географските параметри на криминалитетот се прават напори да се рационализира и да се насочи оперативната дејност во вистински правец.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Со самата одлука да пишувам стручна статија за криминалистичко планирање сфатив дека се работи за една тесноград материја од аспект на нејзиното дефинирање, но погледнувајќи од аспект на праксата за него може да се пишува бесконечно. Како што и на самиот почеток забележав, спречувањето на криминалитетот мора да се планира и плански да се насочува во превентивната практика и да се поврзува со другите општествени и економски програми за развој. При планирањето се одредуваат најсоодветните задачи, мерки и средства, како и целите на таа превентивна борба на профилактички план со нагласка на истовремено проучување и анализирање на условите, причините, влијанијата и останатите детерминанти кои придонесуваат да настане и да опстојува какво било девијантно однесување во конкретно дадена потесна или поширока општествена средина. Во формулирањето на целите и задачите на борбата против криминалитетот, како и нејзиното планско, систематско и методично одвивање, извонредно помага прогнозирањето на криминалитетот. Значи, откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот се засновува врз планско преземање и користење на општите криминалистички правила, средства и методи, прилагодени на специфичните барања на секоја поединечна криминалистичка методика, која покрива поединечни групации на кривични дела сродни по сличните начини на извршување.

Од друга страна пак, можеме да заклучиме дека откривањето, разјаснувањето и утврдувањето на криминалистичките и кривично процесните релевантни околности се темелат врз барањето и давањето целосен одговор на главните прашања на криминалистиката. Исто така,

верзијата која не е процесен, туку парапроцесен криминалистички институт, односно помошно криминалистичко средство, има пресудно значење за потрагата по објективната вистина за кривичниот настан и за нејзиното утврдување во кривичната постапка.

## 4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелески, М., Вовед во криминалистика, Скопје, 2007.
2. Водинелиќ, В., Криминалистика, Београд, 1984.
3. Водинелиќ, В., Криминалистика- откривање и докажување, Скопје, 1985.
4. Марина, П., Откривање на кривични дела, Годишник на правен факултет, Скопје, 1972.
5. Симоновиќ, Б., Криминалистика, Крагујевац, 2004.

creative commons

# Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported

## You are free:

- to Share - to copy, distribute and transmit the work

## Under the following conditions:

- Attribution. You must attribute the work in the manner specified by the author or licensor (but not in any way that suggests that they endorse you or your use of the work).
- Noncommercial. You may not use this work for commercial purposes.
- No Derivative Works. You may not alter, transform, or build upon this work.
- For any reuse or distribution, you must make clear to others the license terms of this work. The best way to do this is with a link to this web page.
- Any of the above conditions can be waived if you get permission from the copyright holder.
- Nothing in this license impairs or restricts the author's moral rights.

The document was created by CC PDF Converter